РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2069/7
05-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41 - та седница, одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2069/1 од 26.05.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2069/1 од 26.05.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-2069/1 од 26.05.2026 година поради неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице _____ по избор на функцијата член на Управен одбор на _____.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _____ во законски предвиденот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на Управен одбор на _____, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-2069/5 од 09.09.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на 17.09.2026 година.
Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Лицето има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Со преземање на горе наведените дејствија од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: Н.Т-М раководител на одделение
Согласен: К.З. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar